{хендикеп}интеграција

# ИСТРАЖУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за проектот:

ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОТРЕБИ И ПАРТНЕРИ
на хендикепираните лица и нивните асоцијации во Република Македонија

# Содржина

Резиме ..... 2
Цел и целна група на истражувањето: ..... 2
Резултати од истражувањето ..... 3
Основни податоци ..... 3
Основни потреби: ..... 4
Психо-социјални потреби ..... 5
Очекувања ..... 6
Коментар на резултатите од истражувањето ..... 7

# Резиме

Разбирањето, помошта и поддршката на хендикепираните лица е одлика на организираните и солидарните општества. Република Македонија, како земја во долга и спора транзиција, и по многу години различни видови прилагодувања не успеа проблемите на хендикепираните лица да ги донесе повисоко на скалата на општествените приоритети. Од тие причини, унапредувањето на нормативната, материјалната и социјалната положба на хендикепираните лица во Република Македонија е неодложна потреба.

Генералното запоставувањето на оваа категорија граѓани на Република Македонија, секако значи и губење на релациите со нивните основни потреби, како и со партнерите кои, покрај државата, од позиција на граѓански иницијативи работат на истата цел. Нивниот број од ден на ден расте и се чувствува недостиг од комплементарност на активностите.

Оттука, било кој вид организиран облик на разбирање, помош и поддршка: основна помош на хендикепирани лица, нивна интеграција во општеството, заштитата на правата на хендикепираните лица, вклучувајќи ги и основните човекови права, како и развивањето на јавната свест за нивно прифаќање, бара идентификација и систематизација на нивните потреби и партнери. Ова особено се однесува на потребите на ментално и физички хендикепираните лица кои, заради спецификите на социјалното опкружување, живеат во делумна или целосна изолација.

# Цел и целна група на истражувањето:

Основна цел на проектот беше широко базирана идентификација на потребите на ментално и физички хендикепираните лица, преку јавно анкетирање со помош на претходно изработен прашалник.

Дополнителна цел на проектот беше идентификација на институциите и организациите кои работат со хендикепираните лица, како и на областите/секторите во кои тие ги спроведуваат своите активности.

Целна група на проектот беа:

- Лица со физички и ментален хендикеп во Република Македонија,
- Семејства/старатели на лицата со физички и ментален хендикеп,
- Институции за згрижување на лица со хендикеп,
- Невладини организации кои работат со хендикепирани лица.

# Резултати од истражувањето

Со посредување на дневниот печат  беа дистрибуирани 2.000 прашалници. Од нив, на адресата на ХАНДИКАП ИНТЕГРАТИОН пристигнаа 228 пополнети обрасци. Нивната класификација ги посочи следните показатели:

## Основни податоци

1. Прашалникот го пополнува:




2. Хендикепираното лице е на возраст од 16 години (просечна возраст), и е од:




3. Хендикепираното лице живее:




4. Хендикепираното лице е:




5. Хендикепираното лице е:




6. Хендикепираното лице има стекнато образование со посетување:



## Основни потреби:

7. Основна потреба на хендикепираното лице во моментов е:




8. Хендикепираното лице во моментов користи:




9. Во моментов, основните потреби на хендикепираното лице:




10. Државните институции за хендикепираните лица се грижат:




11. Институциите кои се грижат за хендикепираните лица се најдобро организирани во сферата на:




12. Во севкупното ангажирање, највредна е помошта која доаѓа од:



## Психо-социјални потреби

13. Приоритетна социјална потреба на хендикепираното лице е:




14. За хендикепираното лице поголем проблем се:




15. Хендикепираното лице се чувствува подобро во друштво на:




16. Хендикепираното лице со надворешниот свет контактира:




17. Најголемиот дел од времето хендикепираното лице го минува:




18. Родителот/старателот/воспитувачот со хендикепираното лице треба да воспостави чувство на:




19. Особина која на хендикепираното лице најмногу му недостасува е:



## Очекувања

20. Подобрување на состојбата на хендикепираните лица во Македонија може да обезбеди преку:




21. Подобрување на состојбата на хендикепираните лица најбрзо може да се очекува од:




22. Сегашната состојба со третманот на хендикепираните лица генерално ќе се подобри со:




**Белешки:**

* Некои испитаници, на некои прашања имаат подвлечено повеќекратни одговори, што резултира со збир поголем од 100%, но секако индикативен.

** Поголем дел од испитаниците се родители (старатели на хендикепирани лица, а не самите хендикепирани, што треба да се земе предвид во некои од одговорите.

# Коментар на резултатите од истражувањето

Според податоци на Министерството за труд и социјална политика, во Македонија има околу 11 000 хендикепирани лица. Оваа бројка сигурно не е конечна, со оглед на фактот дека голем број на семејства во Македонија, од различни причини, не ги пријавуваат хендикепите кај своите деца, ниту пак им овозможуваат некаков вид комуникација.

Бројот на испитаници кои одговорија на прашалникот на Хендикеп интеграција е 228, што изнесува 2,07% од презентираната бројка на хендикепирани лица. Оттука резултатите од истражувањето можат да се земат апроксимативно.

Прашалникот го пополнија процентуално изразено 19,2% лица со физички хендикеп, од кои 58,7% припадници на машкиот, а 41,2% припаднички на женскиот пол, 63,1% родители (старатели на хендикепирани лица, 17,5% индиректно заинтересирани лица.

Се извлекува податокот дека хендикепираните лица живеат претежно во рамки на своите семејства, дури 94,2%, а самостојно само 5,7% што го наметнува очекуваниот заклучок дека семејството е прв и најчесто единствен стожер во нивните животи. Семејството, во сите облици на врска со хендикепираните лица (живеалиште, нега, поддршка и слично) останува основна и доминантна општествена категорија на која може да смета хендикепираното лице во Македонија.

Во брачна заедница се само 17,1% од испитаниците наспроти самците 82,8%. Делумно овој процент е висок и заради фактот дека дел од тешко хендикепираните лица, особено со ментален хендикеп не доживуваат старост релевантна за брачна состојба.

Од надворешна помош целосно зависат 29,8%, делумно 52,1%, а независни во однос на личните потреби се 17,9%.

Од сите испитаници 20,6% се без стекнато образование, што значи дека компетентните институции треба да се замислат над давањето на помош и едукација на овој тип луѓе.

Фактот дека примарните потреби од храна и облека (35,5% и лекови и медицински помагала (64,9%), сместување и нега (23,6%), е веројатно рефлексија на економската состојба во државата и повикува на барање и изнаоѓање алтернативни решенија.

На истиот заклучок наведуваат и податоците дека социјално не се воопшто згрижени дури 47% од испитаниците, делумно згрижени 53%, а основните потреби не се задоволени дури во 65,7% случаи, делумно се задоволени само во 28,9%, а задоволени во рамките на потребите само во 5,2% случаи.

Ако се анализира ставот кај хендикепираните лица го имаат кон државните институции кои треба да се грижат за нив се наметнува констатацијата дека тие не и се дораснати на својата задача затоа што податоците велат дека под своите можности функционираат 76,3% од нив, а во рамки на истите само 23,6%. Најдобро организирани се сепак здравствените институции (29,8%), пред специјализираното образование (16,6%) и социјалната помош (18,8%).

Во севкупното ангажирање најважна е помошта која доаѓа од семејството чие значење веќе го потенциравме и тоа во 82,4% случаи, додека во овој ангажман НВО партиципираат со 11,8% во однос на скромните или занемарливи 5,7% на државните институции, а токму од нив се очекува најмногу помош во третманот на овој проблем како што се произнесле 47,3% од испитаниците.

Помош се очекува и од сите останати надлежни фактори со чија подобра организација при работењето би се подобрила сегашната состојба на третманот на хендикепираните лица како што сметаат 58,7% од испитаниците.

Во психо-социјалната сфера кај хендикепираните лица преваліраат следниве чувства, ставови и потреби:

- несигурност
- потреба од заштита
- недоверба во работата на институциите задолжени за нивна грижа
- недостаток на комуникација
- изолација
- свесност за нагласените социјални бариери
- потреба од чувство за разбирање
- неочекуван на чувството за рамноправност
- недоверба кон развивање на хуманоста и солидарноста меѓу луѓето.

Наведените чувства и потреби рамноправно котираат во животот на секоја единка, но популациониот сегмент на хендикепирани луѓе е понагласено вулнерабилен од останатите.

Дека динамичниот стил на живеење не оддалечува едни од други е стара вистина, фактот дека постои глобално отуѓување и немање слух за многу нешта вон рамките на сопственото јас е исто така веќе речено, веќе видено и чуено, веќе доживеано. Кога еден стар проблем постојано се актуализира и вербално и писмено потенцира, мислата на читателот или слушателот оди во два правци: проблемот е веќе досаден, патетичен или спротивно, стимулира на промена на менталните обрасци, кои, откако ќе се инкорпорираат во свеста на поединецот имаат моќ да раздвижат река на случувања во реалноста, и да ја променат.

Токму таков ефект треба да имаат истражувањата и податоците добиени во рамки на проектот „Идентификација на потреби и партнери на хендикепирани лица и нивните асоцијации во Република Македонија“. Тие треба да си најдат пат до луѓе облагородени со емпатија, до луѓе кои ја поседуваат т.н. емотивна интелигенција независно дали се обични граѓани, членови на компетентни институции, членови на НВО, припадници на потесното или поширокото семејно опкружување на хендикепираните. Уште повеќе, овие систематизирани податоци треба да си го најдат патот и до луѓе недопрени од проблемот, атакувајќи ја нивната свест и совест.

Ако се анализираат основните чувствувања на хендикепираните лица се согледува дека приоритет има потребата од разбирање од страна на родителите (старателите (64,9%), потребата од сигурност (64,4%) и потребата од чувството на самопочит и самодоверба (29,3%). Приоритетот е повеќе од очекуван, тој е, всушност, еднаков за сите луѓе.

Чувства кои алармираат, кои вложуваат тих протест, се оние на: намалена комуникација до потполна изолација, недовербата кон одговорните институции и кон развивањето на човечката хуманост и солидарност, свесноста за постоењето на социјалните бариери, чувството на нерамноправност.

Недовербата на одговорните институции е веројатно оправдана со оглед на досега презентираното од нивна страна. Тоа е апел до компетентните луѓе во нив да се замислат над организацијата на грижата на хендикепираните (сместување, живеалиште, едукација, нега, поддршка, технички помагала, интеграција во општеството). Сам за себе зборува фактот дека 11,4% од испитаниците, на прашањето, која од институциите чија работа е поврзана со хендикепираните работи најуспешно, одговориле „ниту една".

Сите останати категории на чувства опфатени со прашалникот се на субјективен терен, на терен на човечноста, некаде на патот меѓу хендикепираното лице и луѓето кои го опкружуваат (семејството, роднини, пријатели, познаници, неутрални припадници на заедницата). И токму во рамки на човечноста и треба да се решат.

Социјалната бариера (ја потенцираат дури 64,9% испитаници) ја градат двете страни, и хендикепираните и нивното опкружување, намалениот контекст и изолација, исто така. Промените треба да се случат на ниво на срце и на ниво на свесност, всушност треба да се отворат и едното и другото, односно да се земе во предвид фактот дека сепак и покрај непроменливите околности, реалноста е таква каква што ние ќе ја исконструираме во нашите глави. Од таму, хендикепираното лице, кое неоспорно е на потежок пат, не смее да си гради модел на жртва и огорченост, уште помалку не нерамноправност. Си должи самото на себе си да го диктира во својот внатрешен свет чувството на рамноправност кое ќе најде рефлексија надвор. Конечно во кругот на животот, сите ние, во некои негови поединечни точки се изедначуваме со своите судбини. Значи, социјалната бариера хендикепираните лица не смеат да ја градат повлекувајќи се во себе, мора да останат отворени за животните содржини кои можат да ги откриваат и упразнуваат.

Што се однесува до сите други, односно опкружувањето, социјалната бариера ја градат со предрасуди, со страв истото да не им се случи и нив, со ненадминување на самите себе си. Од сето ова за жал, не се имуни ниту родителите и најблиските роднини на хендикепираните лица и тие самите ги осудуваат своите деца на изолација, или од срам или од непризнавање на проблемот. Болеста или рефлектот не се сами по себе грев, тие се едноставно, неменлива вистина, непоместлива како планина која можеме да ја гледаме пред себе, но ако чедото е наше и само наше, поместливи се приодите и ставовите кон животот кој треба да се изгради, оние на родителите и оние на општеството. Не е ни малку лесно, но токму на мотивираност, истрајност и борба повикува емотивната интелигенција која сите ние треба да ја поседуваме и стекнуваме. Родителите на хендикепираните лица треба исто така да се отворат за содржините на животот кои можат да ги упразнуваат покрај своите деца, да вградат во свеста позитивни ментални обрасци кои ќе најдат одек надвор и кои ќе им го олеснат тешкиот пат кој бара да се изврви. Социјалниот линч и изолација се најголемиот грев кој човечките суштества можат да си го направат едни на други, тоа никој не го заслужува.

Ако анализата на прашалникот покажува дека само 17,5% од испитаниците веруваат, во развивање на хуманоста и солидарноста меѓу луѓето и ако ниту еден испитаник не очекува чувство на рамноправност, тогаш ова се податоци кои треба да ги замислат и засрамат сите

структури на нивното опкружување (институции, НВО, граѓани, семејството). И с¢ тоа поради, обичното, токму едноставно, постојано прокламирано, ретко поткрепено, чувство на човечност кое императивно се наметнува со самиот факт дека сите ние, колку патетично и да звучи, сме сепак, само луѓе.

Врз основа на горе наведените податоци и предочениот коментар, на мислење сме дека од истражувањето можат да се извлечат два генерални заклучока:

1. Неподелен е впечатокот дека постои огромна криза на институциите во областа на грижата за хендикепираните лица. Во таква ситуација, семејството се јавува како безмалку единствена потпора.

2. Најголем дел од хендикепираните лица ги потцртале материјалните (храна, лекови, помагала...) пред психо-социјалните потреби, што укажува на нивната крајно загрозена елементарна егзистенција.